Врз основа на член 22, став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), Врз основа на програмата на Општина Карпош, во областа на културата, дел 2. Програмски активности, точка 3. Подршка на проекти од областа на културата (Службен гласник на Општина Карпош бр.18./2017 и бр.4/2018), а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр. 09-3199/23 („Службен гласник на Општина Карпош бр. 4/2018) се објавува

**ОГЛАС**
**за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година**

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во Општина Карпош за дејности кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области најмалку 3 (три) години, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.

Конкурсот е за проекти од областите: издавачка дејност, фолклор, музичко-сценска дејност и ликовно - уметничка изложбена дејност.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги барат средствата.

## II. Потребни документи и услови за учество

**Физички лица:**

1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот.

**Правни лица:**

1. Изработен проект,

2. Финансиски план на проектот
3. Тековната состојба издадена од централен регистар на Република Македонија, не постара од 6 (шест) месеци.

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови

1. Организациона поставеност;
2. Домашни и меѓународни настапи и организирање на културни манифестации
3. Постигнати успеси во последните 3 (три) години.

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош висината на финансиската поддршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават по пошта на ул. Радика бр.9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр.2, со ознака „Не отворај“ и со назнака „За финансиска подршка на проекти од обласа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година “.

## VI. Рок за поднесување на документите

Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средствата, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2018 година.
Некомплетните документи нама да бидат разгледувани.

ОПШТИНА КАРПОШ